ОПШТИНА ШТИП

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09- 7363/1*
*05.11.2025 година*
*Штип*

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ број 5/02), член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), како и врз основа на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2025 година, точка 5.1 Финансиска поддршка на семејства на деца со попреченост од прво до деветo одделение вклучени во редовното основно образование, Општина Штип објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА УЧЕНИЦИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ ОД ПРВО ДО ДЕВЕТО ОДДЕЛЕНИЕ ВКЛУЧЕНИ ВО РЕДОВНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 Г

Општина Штип ќе додели стипендии на ученици со попреченост од прво до девето одделение вклучени во редовното основно образование од основните општински училишта на територијата на Општина Штип во учебната 2025/2026 година.

Целта на овие стипендии е да се пружи поддршка на семејствата на учениците со попреченост во надминување на трошоците поврзани со нивното школување, училишни материјали, специјализирана опрема, воннаставни активности, асистенти за помош/едукација, трошоци за терапија, транспортни трошоци или други слични специфични потреби, а воедно да се поддржи одлуката за проактивно и засилено запишување на ученици со попреченост во редовните училишта.

Висината на месечната стипендија е 2000 денари и истата ке се доделува 9 месеци, од септември 2025 г. до мај 2026 г. Исплатата на стипендијата ке се врши квартално. Вклученоста и редовноста на настава е од витално значење за задржување на стипендијата. Редовноста на учениците ќе биде постојано следена и извештаи за редовноста ќе бидат поднесувани на тромесечно ниво за месеците кои соодвестуваат за кварталната рата.

Средствата од стипендијата се доделуваат на родител/старател на ученикот.

**Можност за пријавување имаат, ученици кои ги исполнуваат следните основни критериуми:**

- Да се деца со попреченост од прво до девето одделение кои се вклучени во редовната настава во основните општински училишта;

- Да поседуваат документација за вид и степен на попреченост (Наод и мислење и/или Наод од стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје),
- Да се обврзат на редовно посетување на наставата, во зависност од индивидуалните можности,
- Да не се корисници на било каква друга стипендија доделена од било која друга институција или компанија.
- На родителот/старателот кој аплицира во име на кандидатот за стипендија да не му е одземено родителското право.

За дефиниција на деца и млади со попреченост, се сметаат лицата до 26 годишна возраст согласно член 3 од Правилникот за функционална проценка („Службен весник на РСМ број 9/23 од 17.03.2023 година) дете со попреченост се користи разбирањето за попреченост кое е дефинирано во Правилникот за оцена на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој и се однесува на:

- со оштетен вид (слабовидни и слепи)
- со оштетен слух (наглуви и глуви)
- со пречки во гласот, говорот и јазикот
- со пречки во телесниот развој
- со интелектуална попреченост (лесна, умерена, тешка и длабока)
- со аутистичен спектар на нарушувања и лица со други перварзивно развојни растројства *
- со повеќе видови на попреченост (лица со комбинирани пречки во развојот).

*Напомена: За апликантите хронично болни лица ќе бидат разгледувани документите кои се согласно член 10 од Правилникот за функционална проценка („Службен весник на РСМ број 9/23 од 17.01.2023 година ).

**Потребни документи кои треба да се приложат:**

- Пријава за стипендија (Пријавата може да се подигне од Општина Штип, соба 620) и таа треба да биде во целост пополнета и потпишана.
- Потврда од училиште за редовен ученик во учебната 2025/2026 година, со печат и потпис од училиштето.
- Документација за вид и степен на попреченост (Наод и мислење и/или Наод од стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје)
- Извод од Матичната книга на родени за ученикот.

**Во случај на конкурсот да се пријават повеќе ученици кои ги исполнуваат основните критериуми, предност ќе биде дадена на оние ученици со попреченост кои се :**

- Деца на самохрани родители
- Деца со еден или двајца невработени родители
- Деца од семејства со приходи на ниво на минимална плата
- Деца кои се сместени во згрижувачки семејства

- Деца кои доаѓаат од многудетни семејства
- Деца каде во потесното семејство има и друг член со попреченост
- Ќе се води сметка за еднаква родова застапеност на децата стипендисти.

Општина Штип го задржува правото да воведе и други разумни дополнителни критериуми за селекција на стипендистите во случај на поголем број апликации или кандидати кои ги исполнуваат горенаведените основни или дополнителни критериуми. На барање на општината веродостојноста на податоците кои ќе бидат наведени во пријавата ќе треба да се поткрепат со дополнителни документи.

Документите треба да се доставаат најдоцна до **18 ноември 2025 (вторник), 15.30 часот** до Општина Штип-Одделение за јавни служби, улица „Васил Главинов'' 4б, Штип лично во период од 7.30 и 15.30 часот.

***Важна информација:***

Семејствата на кандидатите кои ќе добијат стипендија **не го губат правото на гарантираната минимална помош** согласно член 4 став 14 од „Правилникот за начинот на остварување на правото на гарантирана минимална помош..." (Службен весник на РСМ, бр. 109 од 28.5.2019 година)[3]: При остварување и користење на правото на гарантирана минимална помош, **стипендијата не се смета како приход.**

**Општина Штип**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип,*
*Одделение за јавни служби Тел: (032) 22 66 14; Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*